# ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА
## ГРАДОНАЧАЛНИК

Архивски знак: ________
Рок на чување: ________
________ 202__ година
Потпис,
________

Арх.бр.04-36/7
Дата: 29.01.2024 г.


Република Северна Македонија
Општина Демир Капија
ул. " Маршал Тито" бр.15Б
Демир Капија
Тел. (043) 366 212
Е-пошта: opstinadk@yahoo.com
www. opstinademirkapija.gov.mk


Врз основа на член 21 и член 23 став 4 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија"бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21 и 111/23) и член 50 став 1 точка 14 од Законот за локална самоуправа (``Службен весник на РМ`` бр.05/02), Градоначалникот на Општина Демир Капија, донесе

## ОДЛУКА

**За избор на кандидат по објавен Јавен оглас**

**1.** По објавениот Јавен оглас во дневните весници Вечер и Коха од ден 18.01.2024 година, за вработување на работник (1) еден извршител во Општина Демир Капија на неопределено време, без статус на административен службеник, за работното место: **Возач на моторно возило** со шифра УПР0403А02001 ниво А02, во Одделението за општи работи, Сектор за нормативно-правни работи, јавни дејности и општи работи, се избира кандидатот:

- **АЛЕКСАНДАР НАЈДОВСКИ**

**2.** Именуваниот ќе биде вработен на работното место од точка 1 по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе посебно решение за вработување.

**3.** Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе биде објавена на интернет страницата на Општина Демир Капија.

## Образложение

Општина Демир Капија на ден 18.01.2024 година во дневните весници Вечер и Коха објави Јавен оглас за вработување на работник (1) еден извршител во Општина Демир Капија на неопределено време за работното место: **Возач на моторно возило** со шифра УПР0403А02001 ниво А02, во Одделението за општи работи, Сектор за нормативно-правни работи, јавни дејности и општи работи.

Согласно член 21 и член 23 од Законот за работните односи, Комисијата за селекција за избор на кандидати спроведе постапка за проверка на документацијата за задолжителните докази за исполнување на општите и посебни услови од огласот и состави Записник бр.04-36/6 од 29.01.2024 година.

По спроведената постапка за селекција, Градоначалникот на општина Демир Капија одлучи за работното место Возач на моторно возило да го избере единствено пријавениот кандидат кој ги исполнува условите по огласот како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против Одлуката за избор може да се поднесе жалба до Градоначалникот на општина Демир Капија во рок од 8 дена од денот на приемот.

**Градоначалник,**
**Лазар Петров**

Изготвил:Тања Петрова
Одобрил:Благој Јовановски

Доставено до:
-именуваните,
-одделение човечки ресурси,
-архива